

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА
REPUBLIC OF MACEDONIA
MACEDONIAN SCIENTIFIC ASSOCIATION - BITOLA

# III НАУЧНО-СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
## „Образованието во 21 век"

# III SYMPOSIUM OF INTERNATIONAL PARTICIPATION
## "Education in 21 century"

- ПРОГРАМА НА СИМПОЗИУМОТ -

- SYMPOSIUM PROGRAMME -

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА, 09.12.2011
CULTURAL CENTRE - BITOLA, 09.12.2011

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MACEDONIAN SCIENTIFIC ASSOCIATION - BITOLA

# ТРЕТ НАУЧНО - СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

## „Образованието во 21 век“

**ПОКРОВИТЕЛ: Општина Битола, Градоначалник м-р Владимир Талески**
**BENEFACTOR: Municipality of Bitola, Citymayor Vladimir Taleski, M.A.**

**ГЕНЕРАЛЕН СПОНЗОР: Стопанска банка АД – Битола**
**GENERAL SPONSOR: Stopanska banka AD - Bitola**

**Наши пријатели** **Our friends**

***ПОДДРЖАНО ОД:***
***Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола***
***Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип***
***SUPPORTED BY:***
***University "St. Kliment Ohridski" - Bitola and***
***University "Goce Delcev" - Stip***

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА, 09.12.2011
CULTURAL CENTRE - BITOLA, 09.12.2011

## ПОЧЕСЕН ОДБОР

1. Проф. д-р Златко Жоглев (претседател на одборот) Ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски - Битола
2. Проф. д-р Саша Митрев, Ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип
3. Академик Георги Старделов, Претседател на МАНУ
4. Академик Владо Камбовски потпретседател на МАНУ
5Академик Бојан Шоптрајанов, потпретседател на МАНУ
6.Академик Јордан Поп Јорданов
7.Академик Блаже Ристовски
8.Академик Матеа Матевски
9.Академик Глигор Каневче
10.Почесен д-р на УКЛО Владимир Костов
11.Прим. др. сц. Димитар Котевски

## ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ

1. Проф. д-р сц. Ингрид Бауман, Свеучилиште у Загребу, Р. Хрватска
2. Проф. д-р Искра Иванова, Универзитет „Св. Климент Охридски “- Софија, Р. Бугарија
3. Проф. д-р Ѓерѓе Пендавињи, Универзитет „ Фан Ноли“- Корча , Р. Албанија
4. Проф. д-р Гордана Богдановиќ-Душаниќ, Висока школа струковних студија, Врање, Р. Србија
5. Проф. д-р сц. Борис Ангелков, Македонско научно друштво-Битола, Р. Македонија

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

1. Проф. д-р сц. Борис Ангелков , претседател
2. Доц. д-р Дијана Христовска, секретар,
3. Проф. д-р Цветко Смилевски, член
4. Проф. д-р Виолета Маневска, член
5. Пред. м-р Сашо Кочанковски, член
6. Вонр. проф. Деан Илиев, член
7. Проф. д-р Владимир Михајловски, член
8. Доц. д-р Никола В. Димитров, член
9. Проф. д-р Екатерина Јосифовска, член
10. Проф. м-р Емилија Костурски, член
11. Проф. д-р Викторија Петковска, член

## СЕКРЕТАР:

Дипл. псих. Александра Сокароска

## СЕКРЕТАРИЈАТ:

1. Дипл. инж. биотех. Билјана Павлоска
2. М-р Миа Мимоза Александриски
3. М-р Марија Котевска Димовска
4. Елизабета Чашитовска
5. М-р Сузана Шулевска
6. Проф. Соња Бошевска

## HONORABLE BOARD

1. Prof. Zlatko Zoglev, Ph.D (Chairman of the Board) Rector of the University "St. Kliment Ohridski "- Bitola
2. Prof. Sasha Mitrev, Ph.D, Rector of the University "Goce Delchev", Stip
3. Academic Gorgi Stardelov, President of MANU
4.. Academic Vlado Kambovski vice president of MANU
5. Academic Bojan Shoptrajanov, vice president of MANU
6. Academic Jordan Pop Jordanov
7. Academic Blaze Ristovski
8. Academic Matea Matevski
9. Academic Gligor Kanevce
10. Doctor Honoris of UKLO Vladimir Kostov
11. Prim. Dimitar Kotevski, dr. sc.

## PROGRAM COMMITTEE

1. Prof. Ingrid Bauman, dr. sc. University in Zagreb, R. Croatia
2. Prof. Iskra Ivanova, dr. Ph.D University "St. Kliment Ohridski "- Sofia, R. Bulgaria
3. Prof. Gjergji Pendavinji, Ph.D University "Fan Noli" - Korce, R. Albania
4. Prof. Gordana Bogdanovic-Dushanikj, dr. High School of professional studies, Vranje, R. Serbia
5. Prof. Boris Angelkov, dr. sc. Macedonian Scientific Association of Bitola, R. Macedonia

## ORGANISATION BOARD

1. Prof. Boris Angelkov, dr. sc. President
2. Ass.Prof. Diana Hristovska, Ph.D, secretary
3. Prof. Cvetko Smilevski, Ph.D, member
4.Prof. Violeta Manevska,Ph.D., member
5. Lect. M.A. Saso Kochankovski, member
6. Ass.Prof. Dean Iliev, member
7. Prof. Vladimir Mihajlovski, Ph.D, member
8. Ass.Prof. Nichola V. Dimitrov, Ph.D, member
9. Prof. Ekaterina Josifovska, Ph.D. member
10. Prof. Emilia Kosturski, M.A. member
11. Prof. Victoria Petkovska, Ph.D, member

## SECRETARY:

Grad. Psych. Aleksandra Sokaroska

## SECRETARIES:

1. Eng. Biotech. Biljana Pavloska
2. Mia Mimoza Aleksandriski, M.A
3. Marija Kotevska Dimovska, M.A
4. Elisabeth Chashitovska
5. Susana Shulevska, M.A
6. Prof. Sonja Boshevska

**За презентирање на трудовите, авторите имаат на располагање максимум 8 минути**
**Authors are kindly informed that full presentation time limit is maximum 10 minutes**

| *ПЕТОК – FRIDAY, 09.12.2011* | |
|---|---|
| **САЛА 3 – HALL 3** | РАБОТА ПО СЕКЦИИ – WORKING SESSION |
| *17:00 – 18:30* | ***ДОЖИВОТНО (КОНТИНУИРАНО) УЧЕЊЕ*** *Lifelong learning* |

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО: Проф. д-р сц. Ингрид Бауман, дипл. инж. биотех. Билјана Павлоска, прим. д-р Лилјана Кочанковска.**
**CHAIRMEN: Prof. Ingrid Bauman, dr sc., dipl. ing. Biljana Pavloska, bioteh., Prim. Liljana Kocankovska, dr.med.**

1. Ingrid Bauman, Christina L.M.Silva, Helmut Glattes: „Facilitating global lifelong learning in higher education in the field of food studies".
2. Дијана Христовска : „Информатичко компјутерската технологија во функција на квалитетно неформално образование на наставниот кадар".
3. Лилјана Колева Гудева и Еленица Софијанова: „Рамка за квалификации – инструмент за развој на квалификациите во доживотното учење".
4. Биљана Ѓорѓеска: „Интерпрофесионално и тимско континуирано образование на здравствени работници".
5. Лилјана Кочанковска: „Континуиран професионален развој".
6. Мимоза Серафимова, Мирјана Стојчевска – Ѓорѓиоска: „Доживотно континуирано учење – потреба и предизвик за интегрирање претпримништво и бизнис образование за идентификување клучни комптенции на студентите ".
7. Александар Тодоровски: „Стратегија за отворање на канцеларија за УКЛО алумни".

**18:30 - 19:30 ДИСКУСИЈА ПО ЖЕШКИ ПРАШАЊА**
**DISCUSSION: Have all „Burning Questions" been extinguished?**

**Мимоза СЕРАФИМОВА**[1]

**Мирјана СТОЈЧЕСКА ЃОРЃИОСКА**[2]

# ДОЖИВОТНО КОНТИНУИРАНО УЧЕЊЕ – ПОТРЕБА И ПРЕДИЗВИК ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ ПРЕТПРИМНИШТВО И БИЗНИС ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ КЛУЧНИ КОМПТЕНЦИИ НА СТУДЕНТИТЕ

**Апстракт**

Во последните години, образованието доживува своевидна преродба. Се погласна е потребата за модерно континуирано учење за поединци, заедници, држави и меѓународни институции. Пред постојните образовни системи се поставени големи очекувања, кои би значеле овозможување на нови компетенции кои би ги победиле заканите и стравот од економски кризи и опасноста за општеството. Во некои држави, високообразовните институции (ВОИ) веќе имаат донесено образовни одлуки за проширување на концептот на акредитација на искуственото учење, како дел од континуираното доживотно учење на поединецот. Многу професионални програми за развивање и признавање на компетенции се базираат врз обид да се

[1] Д-р Мимоза Серафимова, БАС Битола, mimozaserafimova@yahoo.com

[2] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, СОУ„Орде Чопела“ Прилеп, БАС Битола, mirjanastojceska@gmail.com

стекне сигурност дека индивидуалците ја постигнуваат образовната цел, како и способноста за ефективно практицирање на наученото на работното место на крајот на професионалната подготовка. И во нашата земја, исполнувањето на правото за образование, иако е област на ниво на државата и нејзините институции, треба да биде ориентирана кон ВОИ, како традиционални чувари на занењето и неговите сертификации, свесни дека само на тој начин, индивидуалецот ќе добие пристап кон учењето како корисник на специфични образовни програми и ќе овозможат квалитетно стекнати компетенции за пазарот на образовни услуги. Граѓанинот, како член на заедницата мора да има влијание на образованието како јавно добро и право на човекот, но неопходно е да се овозможат потребите на континуираното учење на возрасни со специфични национални образовни политики, различни од постоечките, применетите и користените.

**Клучни зборови:** доживотно образование, ВОИ, компетенции.

# LIFELONG CONTINUOUS LEARNING – NEED AND CHALLENGE FOR INTEGRETING ENTERPRENEURSHIPM AND BUSINESS EDUCATION FOR STUDENTS KEY COMPETENCIES IDENTIFICATION

## Abstract

In the recent years, adult education has experienced kind of a revival. The need for modern continuous lifelong education for individuals,

communities, countries and international organizations is louder. Learning and education of individuals as exercising the right to acquire the necessary skills equivalent to the current needs of the labor market, points to the need for a long period of learning in adult hood. Big expectations are set before the educational system, which would mean enabling new competitions which would overcome the threads and fear of economic crisis and social danger. In some countries, the high-educational institutions (HEI) have already made educational decisions for expanding the concept of accreditation of the experiential learning, as a part of an individual's lifelong continuous learning. Most of them conceptualize bodies and develop structure frames and processes for enabling such adult education, conceptualizing the element of the quality ensuring as an argument related to the preparation for acquiring or changing of qualifications of education. Many professional programs for developing and recognizing competitions are based on an attempt to acquire certainty that the individuals are achieving the educational goal as well as they achieve the practice at the end of the professional preparation. In our country too, meeting of the right for education, though it's an area of a state-level action and it's institutions, should be focused towards HEI, as traditional keepers of knowledge and its certificate, aware that only that way, the individual will get an access to learning as an user to specific educational programs, and they will enable quality acquired competences for the market of educational services. The citizen, as a member of the city society has to have an impact on the education as a public good and human's right, but it's necessary to enable the needs of continuous adult learning with specific national educational politics, different from the existing, established and used.

**Key words:** lifelong learning, HEI, entrepreneurship, business education, competencies.

***„Да се преземе нов чекор или да се изговори нов збор – тоа е она од што луѓето најмногу се плашат!“***

***Dostojevski***

Општествено-економската состојба кај нас и во регионот, веќе подолго време условува губење на ентузијазам кај средношколците и студентите за тоа што ги чека по матурирањето или дипломирањето, да размислуваат за преземање чекори за сопствен ризик како претприемачи. Иако не постои идентификуван или наследен ген за претприемништвото, развивањето на способностите за пресметани ризици, високи резултати и способност за градење тимови кои победуваат, може и треба да се гледа низ призмата на долгогодишното учење на личноста која треба да одговори на потребите на својата иднина и брзите промени на окружувањето, а треба да започне токму во образовните институции.

Доколку примарната цел на секој иден вработен се гледа какао цел за личен придонес во обезбедување највисоко ниво на услуга, квалитет на производ и вредност, поттикнување на претприемничкиот дух кај младите преку образование и учење ќе им овозможи на младите луѓе да се здобијат со релевантни претприемнички кометенции во сите нивои на образование (основно, средно и високо) како битна квалитетна основа за доживотно континуирано образование. Основната препорака на европската конференција за претпиемничко образование во Европа одржана во Осло, потенцира дека претприемништвото треба да биде

разбрано не само како водење на бизнис, туку и како развој на претпиемничко однесување (креативност, иницијативност, назависност, тимска работа). Интегрирањето на претприемничкото и бизнис образованието во наставните програми преку равој на проекти и соодветни наставни материјали како и идентификување на клучните компетенции кај учениците е аспект од егзистенцијална важност за идните генерации.

Основно за личноста на средношколците и студентите за да се доживеат како идни претприемачи, да добијат соодветна едукација која ке им овозможи да развиваат склоност кон автономност и независност, тенденција кон преиспитување на своите минати и идни постапки, да бидат ориентирани кон резултати и спремни аргументирано да ги спротивставуваат своите идеи пред претпоставените.

Претприемништвото е животен стил, и високото образование треба да им овозможи на младите култура на самоиницијативнот и победништво како предуслов да го развијат овој аспект од својата личност. Но, потребна е способност и вештина за справување со неуспехот, преку поседување доволно знаење дека неуспехот е само процес на учење - дел од кривата на доживотното учење кој никогаш не сопира.

Тие вредности треба да се градат и во образовниот процес, и тоа на сите нивоа А целта на образованието за претприемништво е главно да го поттикне претприемничкиот дух: да развие претприемнички вештини и воспоставуви претприемничка култура. заменувајки го стереотипот на „слушај и учи тоа што ти велам“, со „учи по пат на обиди и грешки”. Моменталната поставеност на образовниот систем не поткрепува доволно критичко размислување, иновативност и креативност. И без да

се навлегува во аспектите како што се пристап до финансиски извори, деловна клима, административни бариери, сé додека не се воспостави тој образец во образованието ќе постои не само недостаток од претприемачи, туку и од иноватори, поединци кои ќе преземаат иницијатива и ќе ја земат својата иднина во свои раце.

Претприемништвото кое прераснува во лидерство бара понатамошно балансирање на бројни спротивставени тенденции:

- Насочување на луѓето, наспроти тековните задачи;
- Насочување на долгорочните, наспроти кусорочните резултати.

Во секој случај, идниот успех на младите зависи од нивната моќ на личност за развивање капацитет за стратегиска самосвест – она што се нарекува свесност за сопствените силни страни и ограничувања во однос на себе и останатите млади луѓе.

Ова образование треба следните асепекти да ги развие како примарни за градење претприемачки способности:

- Насочување кон тоа да се размисли за свои проекти и идеи како дел од поголема/заедничка слика и да разбирање како деталите се вклопуваат и интегрираат во целината. Системското размислување е ефективно за умешноста и вештините кои се потребни за креативност и решавање на проблемите.
- Развивање потреба и надмоќност за достигнувања и силен натпреварувачки дух, па дури и со самиот себе, преку процес на постојано преиспитување и анализа на постапките и одлуките.
- Развивање одлучност и посветеност за доследеност во обврските, самодоверба и постојана контрола врз одговорностите.

- Неуспехот не е збор кој припаѓа во речникот на младите, ниту пак нивна опција – туку неуспехот се изедначува со фидбек, а фидбекот е основа на секое учење.
- Да бидат објективни, но и да развиваат способност за проценување реален ризик во глобалната слика. Да развиваат способност за антиципирање на развојот кои што овозможува решение во многу случаеви. Да го користат својот инстинкт за големите крајни ефекти. Секој од младите ги имаат потребните ресурси и поседуваат одлични способности за решавање на проблемите и посветеност за надминување на пречките како што тие се појавуваат, само некој треба да им покаже како да го пронајдат тоа во себе си, да се охрабрат да го кажат или покажат, да се спротистават на идеја и постапка, а не на личност.
- Треба да развиваат одлични **комуникациски вештини**. Јасната и концизната комуникација е важна за успехот.

***Придобивки од претприемничкото и бизнис образованието кај младите:***

**Ставови**

Ќе спознаат дека негативните ставови се првиот чекор кон пропаст на било која идеја или проект. За да се одбегне оваа опасност – ќе мора да се градат позитивни ставови и да се размислува како претприемник. Нееducираниот млад човек чека работите да се случат, а додека едуцираниот е претприемач кој прави работите да се случуваат. Нееducираниот млад човек чека инструкции, а додека едуцираниот е претпримач кој знае дека се потребни јасни инструкции. Нееducираниот млад човек чека некој да ги реши проблемите, а

едуцираниот е претприемач  подготвен да ја преземе ситуацијата во свои раце за да ги реши проблемите.

**Одговорност**

Претприемничкото и бизнис образованието развива личности подготвен да преземат одговорности за тековните случувања кои се поврзани. Успешноста во претприемништвото не е само успешен бизнис план или пак работење со пари, свесни дека кога се јавуваат проблеми, не треба да се обвинува економскиот пад, маркетот, економската клима, конкуренцијата или пак околината и да се чека помош од Владата, туку треба да се преземе контролата во свои раце и да се најде начин да се подобри. Ако се направи грешка, ја преземаат одговорноста за истата и учат од неа.

**Верувања**

Нема ништо погрешно во тоа дали една претприемачки едуцирана личност верува дека за да започне сопствен проект и е потребна помала или поголема сума пари. Во прашање е само системот на верување на личностите и тој систем на верување ја дава сликата за која се мисли дека е реална или лажна. Само едуцираните млади можат самите да одберат во кој систем ќе веруваат.

**Услужност**

Претприемничкото и бизнис образованието учат на подготвеност да соработуваат и да им служат на луѓето за кои и со кои работат. Само доколку воспоставуваат синергетски односи и на другите и им помагаат да стигнат до своите цели, само тогаш ќе добијат тоа што го сакаат од нив. Бизнисот има цел да услужува и да дава, и тогаш почнува да враќа со добивка. Услугата не значи услужување само на корисниците.

Услужувањето на вработените и партнерите ја охрабрува комуникација и води до засилување на тимскиот дух и креирање на победнички тим.

**Континуирано доживотно учење**

Но најважно од се е, младите да прифатат дека учењето не почнува и не завршува во образовните институции со законски поставената едукативна рамка. Подготвеноста за лично и организациско надградување изразена преку следење иновации или усовршување одредени компетенции е целоживотен процес. Посетувањето обуки, работилници и семинари, следењето стручна литертаура, се само дел од можностите.

Една изрека вели: „Ако мислите дека образованието е скапо, обидете се да го игнорирате незнаењето“. Овој вид образование ги учи младите цената на секоја идна едукација да ја доживуваат како инвестиција. Вештините и искуството од книгите, семинарите и обуките можат да бидат корисни цел живот, затоа тие се животна инвестиција.

***„Ако планирате една година однапред, засадете пченица.***
***Ако планирате десет години однапред, заседете дрвја.***
***Ако планирате за цел живот, подучувајте ги и образувајте ги луѓето!“***

***Кинеска поговорка, Guanze ( 645. п.н.е.)***

## Користена литература


- Deklaracija na Evropskite ministri za stručno obrazovanie i usovršuvanje i Evropskata komisija, održana vo Kopenhagen 29. i 30.11.2002. god., po prasanja za podobruvanje na evropskata sorabotka vo strucnoto obrazovanie i usovrsuvanje, („Kopenhaška deklaracija“)
- Gow, L., Kember, D. (1993). Conceptions of teaching and their relationship to student learning. *British Journal of Educational Psychology*, 63, 20-33.
- Moskowitz, G. (1976). The classroom interaction of outstanding foreign language teachers. *Foreign Language Annals*, 9,135-155.

- Pratt, D. D. (1992). Conceptions of teaching. *Adult Education Quarterly*, 42 (4), 203-220.
- Ramaprasad, Arkalgud, (1983). On the Definition of Feedback, *Behavioral Science*, 28:1 Jan.) p.4
- Recommendation of the European Parliament and the Council of 18 December 2006 on key competences for life-long learning, Official Journal of the European Union, issued on 31.12.2006
- Retrieved from http://wikipedia.fsw.leidenuniv.nl:8080/ Iclon Wiki/images/3/34/Trigwell1996.pdf

- Samuelowicz, K., & Bain, J. D. (1992). Conceptions of teaching held by academic teachers. *Higher Education, 24,* 93-111. Rerieved from http://espace.library.uq.edu.au/eserv/UQ:99757/CHSteel_EDMEDIA2003.pdf

- Trigwell, K., Prosser, M. (1996a). Changing approaches to teaching: A relational perspective. *Studies in Higher Education*, *21,* 275-284.
- Trigwell, K., Prosser, M. (1996b). Congruence between intention and strategy in university science teachers' approaches to teaching. *Higher Education, 32,* 77-87.
- Vygotsky, L.S. (1978). Mind in Society. Cambridge, MA: Harvard University Press
- Marjanović, Marija et al. (2003): Neformalno obrazovanje – nevidljiva snaga društva, Grupa "Hajde da...", Beograd
- UNESCO (1972) *Learning to Be* (prepared by Faure, E. et al), Paris: UNESCO.
- Mini-compendium on non-formal education, Directorate of Youth and Sport, Strasbourg, April 2007